Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-4696/2
13. 11. 2019 година
Скопје

Врз основа на член 77 од Закон за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), заменик министерот по овластување на министерот за правда донесе

**О Д Л У К А**
**за групна јавна набавка на стока - електрична енергија за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија**

1. Се утврдува потреба за доделување на договор за групна јавна набавка на стоки со предмет: набавка на стоки - електрична енергија за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија за период од една година.

2. Предметот на набавка ќе се спроведе согласно склучениот Договор за извршување на групна набавка бр. 05-4696/1 од 08.11.2019 година на Министерство за правда, Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права бр. 0308-226/1 од 06.11.2019г. Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите бр.05-1623/1 од 08.11.2019г. и Друштво за производство, трговија и услуги КОНЦЕПТ КАФЕ ДООЕЛ со заведен број 03-51/1 од 08.11.2019г.

3. Предмет (вид) на набавка: набавка на стоки – електрична енергија за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија.

4. Предметот на набавка **не е деллив**:

4.1 Предметот на набавката е неделлив бидејќи предметот на набавката од овој вид не е целисходно постапката биде поделен во делови и поради тоа што истиот преставува неделива целина, па според тоа набавката на овој тип на стока може да ги понуди еден ист економски оператор.

5. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од **4.000.000,00** денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од

720.000,00 денари кои средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерство за правда на Република Македонија од сметката 637 програма 10, ставка 421.

6. Договорот за јавна набавка да се додели со спроведување на поедноставена отворена постапка согласно член 49 од Законот за јавните набавки а во врска со член 62 од ЗЈН.
7. Постапката да заврши со спроведување на електронска аукција како последна фаза во поедноставена отворената постапка согласно со член 59 став 1 од Закон за јавните набавки.
8. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка да биде најниска цена.

9. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка потпишан од страна на сите договорни страни од договорот за групна набавка.

10. За целосна реализација на постапката на доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:
- **Претседател:** Петар Мирковиќ – Министерство за правда
- **Заменик претседател**: Никола Бабановски – Министерство за правда
- **Член: Насер Ќамили** - Министерство за правда
- **Член: Драган Нешкоски**, Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите,
- **Член: Уфук Клинче**, Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права,
- **Заменик член: Мартина Ѓорѓиевски** - Министерство за правда на Република Северна Македонија – Управа за извршување на санкциите,
- **Заменик член:** Александра Трајноска - Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права
- **Заменик член**: Марина Миновска - Министерство за правда

11. За реализирање на оваа постапка нема да се ангажираат надворешни стручни лица.
12. Плаќањето на предметот на набавка ќе се изврши вирмански со доставување на фактура во законски утврдениот рок во архивата на Министерство за правда во период 2019/2020г.
13. Се задолжува комисијата од точка 8 да ја спроведе оваа одлука согласно со одредбите од член 59 од Законот за јавните набавки.

11. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05.2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е набавка на стока –на електрична енергија за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија за период од една година

Предметот на набавка е не е деллив:

Предметот на набавката е неделлив бидејќи предметот на набавката од овој вид е целисходно постапката за предметот на набавка да не биде поделен во делови и поради тоа што истата преставува компактна целина како и не е економично за набавка на стока од ист вид да се врши поделба во делови а особено поради тоа што истата може да ја понуди еден ист економски оператор.

За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 4.000.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 720.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 4.720.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 421, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2019/2020 година.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение